38114

ВЕЧЕР ☆ 9 јануари 1991 година

8530, 14.



СРЕДБА СО ВЛАСЕ НИКОЛЕСКИ, ПОЗНАТ СКУЛПТОР ОД АВСТРАЛИЈА

# УЧЕНИК НА МУР

**● МАКЕДОНИЈА ИМА РАСНИ АВТОРИ КОИ МОЖАТ ДА СЕ НОСАТ СО ВИСОКО ЕВРОПСКО, ПА И СВЕТСКО НИВО, ВЕЛИ ВЛАСЕ НИКОЛЕСКИ, ЕДЕН ОД НАЈПОЗНАТИТЕ АВСТРАЛИСКИ СКУЛПТОРИ КОЈ ОД МАКЕДОНИЈА ЗАМИНАЛ ПРЕД 27 ГОДИНИ**

Деновиве, како гостин на Скопската ликовна академија, престојува еден од најпознатите австралиски скулптори и по потекло Македонец, **Власе Николески.** Неговото гостување се должи на изложбата на студентите од Ликовната академија во Њу Касл (отворањето е закажано за денес во Сули ан), каде тој е професор, а неговите високи дострели во полето на скулптурата и големата афирмација во светот, беше повод повеќе да се сретнеме со овој уметник.

Власе Николески (1948) е роден во Требеништа, охридско, а на петиот континент има заминато уште во 1963 година. Дипломирал на Академијата во Мелбурн, постдипломски студии има завршено во Камбера, а покрај тоа што бил на студиски престој низ светот, бил и на специјализација кај најпознатите скулптори во светот воопшто: Хенри Мур, Сезар и Јакобсон. Зад себе има бројни изложби во Австралија и светот, а извел и над 15 монументални споменици. Денес тој е едно од најпочитуваните имиња во својата нова татковина.



– Во Македонија сте доаѓале неколку пати. Што мислите за македонската скулптура денес?

**– Би сакал повеќе да ја познавам за да донесам некој поиздржан суд. Меѓутоа, од она што го имам видено досега, јас сум воодушевен. Македонија има расни автори кои можат да се носат со едно високо европско, па и светско ниво. Тука пред сè би го споменал Петар Хаџи Бошков кој според мене е маестрален автор.**

– А каква е состојбата со австралијанската уметност. Има ли таа денес свој идентитет?

**– Ако порано го немаше, таа својот идентитет го стекна и наметна за последната деценија. Тоа се должи можеби на тоа што австралијанската држава многу полага на уметноста. Не се штедат пари да се дојде до нешто свое.**

– Што за вас е скулптурата, колку е таа реалност, а колку имагинација?

**– Таа е рефлексија на човекот. Не можам да кажам дека таа е чиста реалност, зашто исто толку е и игра на духот. Мене сепак, секогаш ме интересира скриеното, духот и мислата човекова.**

– Какво значење за вас имаше средбата со такви звучни имиња како Хенри Мур, Сезар, Јакобсон.

– Па видов дека тие не се паднати од бога, ами обични човечки суштества, кои го бараа и наоѓаа својот пат. Тоа за мене беше доволно.

**В. Саздова**